ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
Бр. 02-305/5
29.03 2022 год.
БИТОЛА

Врз основа на чл. 22 ст.1 алинеа 8 од Статутот на ЈП Стрежево – Битола, Управниот одбор на ЈП " Стрежево " - Битола на седницата одржана на 29.03.2022 год. донесе

**_О Д Л У К А_**

чл.1

Се врши измена на Планот за јавни набавки за 2022 година на начин што

1. Се пренасочуваат средства во вкупен износ од 540.000,00 ден од поз. 28. Електроматеријали за тековно одржување и одржување на хидроцентрали (10.400.000,00 ден) за дополнување на договор со бр.05-648/13 за набавка на стоки - Електрична енергија кој има важност до 30.04.2022 година.
2. Се пренасочуваат средства во вкупен износ од 600.000,00 ден од поз.51 услуги за надградба и одржување на JPS системи за возила (1.200.000,00) за набавка на поз.70 - Услуги за одржување на JPS системи за возила – 600.000,00 ден.

   Позиција 51 се преименува како Услуги за надградба на JPS системи за возила – 600.000,00 денари.

чл.2

Одлуката влегува во сила со донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно чл. 22 став 1 алинеа 8 од Статутот на ЈП Стрежево – Битола , врз основа на Барањето од службата за јавни набавки, се јави потреба од измена на планот за јавни набавки за што е надлежен Управниот одбор на претпријатието.

Одделението за јавни набавки спроведе постапка со преговарање за јавна набавка на Електрична енергија со бр.05-648 во 2021 година. Договорот има важност до 30.04.2022 година. Имајќи предвид дека цената на електричната енергија постојано е во раст на берзата, предвидените средства во договорот нема да бидат доволни за комплетно покривање на тој период со електрична енергија. Поради тоа потребно е да се направи анкес на постоечкиот договор кој ќе се дополни со средства во износ од 540.000,00 денари односно не повеќе од 20% од предвидените средства за таа набавка. Поденесено е барање од Сектор Енергетика со број 05-296/1 од 28.03.2022год.

Согласно барањето на Сектор Експлоатација на возила со број 05-297/1 од 28.03.2022год., а во согласност со тенденцијата за намалување на трошоците и максимално искористување на ресурсите и средствата со кој располага Секторот, како и итноста од одржување на веќе постоечкиот JPS систем се јавува потреба за поделба на јавната набавка на горенаведените делови .

Предвид наведеното следуваше и донесувањето на предметната Одлука.

Управен Одбор на ЈП Стрежево - Битола

Претседател
Раде Христовски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" Битола